# Контролен надзор врз операторот Тотал ТВ

**Скопје, 13.07.2021г.** – Врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Тотал ТВ од Скопје, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали е постапено по претходно изречената мерка-јавна опомена , за обврската во својот програмски пакет да ги обезбеди програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои задолжително и бесплатно треба да ги содржи согласно членот 143 став 3 од ЗААВМУ.

Надзорот покажа дека операторот ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодфузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“.

Извештајот од контролниот програмски надзор е достапен на следниот линк.